претприемачки сервис за млади

## Комплетен пат до бизнисот

Фондацијата ПСМ нуди концепт за зајакнување на претприемништвото во Македонија. Трите компоненти на ПСМ ќе Ви помогнат идеите да ги претворите во успешен бизнис.




### Потребни Ви се три работи за да станете успешен претприемач:

1 **Know-how!** Знаење и способности што ќе Ви помогнат да станете успешен претприемач.

▸ **Посетете ги обуките за претприемништво!**

2 **Вежбајте!** Составете тим со своите пријатели и колеги-студенти за да учествувате на натпреварот во бизнис план, на кој ќе можете да си ја проверите својата замисла под квалификувано водство.

▸ **Посетете го натпреварот во бизнис план!**

3 **Опкружување!** Поддршката и знаењето што Ви требаат ќе Ви бидат блиски и достапни. Ви нудиме канцелариски простор со бенефицирана наемнина. Инкубаторот е динамично и возбудливо опкружување кое ќе ги интензивира креативноста и забавата и ќе Ве оспособи да бидете свој шеф и креатор на сопствениот успех.

▸ **Посетете го инкубаторот!**

www.yesincubator.org.mk

Опкружување! Вежбајте! Know-how!

фондација ПСМ YES FOUNDATION

### Заинтересирани сте повеќе? Посетете ја нашата веб страна:

www.yesincubator.org.mk


Адреса:
Ристо Равановски 15а,
1000 Скопје
тел: (02) 30 77 008
**contact@yesincubator.org.mk**


### ? Доколку имате прашања можете да нè контактирате:


СИНТЕФ
тел: (02) 30 77 008
**ld@mir.org.mk**

Фондација Институт отворено општество - Македонија
тел: (02) 244 44 88 лок. 115
**msrdan@soros.org.mk**


SINTEF

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА


Поддржано од Владата на Норвешка во тесна соработка со Владата на Република Македонија

Design: Koma lab.


претприемачки сервис за млади



# креирајте ја ВАШАТА иднина!

www.yesincubator.org.mk

Научете како да отпочнете сопствен бизнис

## ОБУКА

ОБУКА ПСМ YES TRAINING

### Може ли да се предава претприемништво?

Ако знаењето и вештините се комбинираат со висока мотивација, секој може да научи како се станува претприемач. Претприемачите се иднината на бизнисот и на економскиот пораст. Претприемачите не се раѓаат, тие се создаваат.

### Научете ги основните работи!

Обуките за претприемачи ќе Ви обезбедат комбинација на интересни предавања и практични вежби на кои ќе ги добиете неопходните алатки за започнување сопствен бизнис. Следниве модули ќе Ве упатат на основните елементи на претприемништвото:

1. Стратегиски деловен развој
2. Претприемачки маркетинг
3. Развој на производи
4. Формирање нови бизниси
5. Сметководствено управување
6. Преговарање
7. Финансирање нови бизниси

### Забавно е да се биде претприемач!

На овие интерактивни сесии ќе го откриете вистинскиот дух на претприемништвото. Групните сесии во кои ќе Ве упатуваат искусни обучувачи, ќе Ви понудат нов увид во претприемништвото и ќе Ви помогнат да ги изградите сопствените лични вештини.



И - којзнае можеби тоа ќе биде Вашиот прв чекор во насока на една нова иднина?

www.yesincubator.org.mk

Бидете дел од тимот што победува

## НАТПРЕВАР ВО БИЗНИС ПЛАН

НАТПРЕВАР ВО БИЗНИС ПЛАН ПСМ YES BUSINESS PLAN COMPETITION

### Имам слушнато за натпреварите во бизнис план но, што е тоа?

Натпреварот во бизнис план претставува арена во којашто ќе имате можност да ги развиете своите вештини во различни области неопходни за започнување сопствен бизнис:

- технологија
- деловен развој
- пазари
- организација и тимска работа




### Како функционира тоа?

Натпреварот е организиран во фази, во кои Вие и Вашиот тим ќе можете постепено да развивате целосен бизнис план за Вашата замисла. Натпреварот е целосно доверлив, така што за Вашите замисли можете отворено да дискутирате во рамките на форумот.

**Најдобрите идеи ќе бидат селектирани и наградени.**

### Но, јас сè уште ја немам вистинската замисла!

Не грижете се! Во соработка со професионалните советници, ќе добиете неопходни информации што ќе Ви помогнат да дојдете до вистинската деловна замисла.



Подготвени ли сте да ги тестирате своите деловни вештини?

www.yesincubator.org.mk

Дојдете и основајте сопствена компанија

## БИЗНИС ИНКУБАТОР

ИНКУБАТОР ПСМ YES INCUBATOR

### Замислете го следново:

Еден четврток попладне седите во сосема нова канцеларија и разговарате со потенцијален меѓународен клиент заинтересиран за Вашиот иновативен производ од високата технологија. Вашиот тим напорно работеше во изминатите три месеци по дипломирањето и, на крајот, ја реализира првата продажба.

### Што се случи?

Ова би можело да стане Вашата иднина, доколку бидете избрани да станете дел од бизнис инкубаторот.

### Па, кажете ми што е тоа инкубатор!

Инкубаторот ги обезбедува сите ресурси што Ви се потребни за да реализирате една деловна замисла по мошне поволна цена. Ќе добиете пристап до физички ресурси: современа канцеларија, ИТ-инфраструктура, телефон, телефакс, копир-машина итн.

**И најважно - не сте сами.** Ќе имате луѓе околу себе кои ќе Ви помагаат. Инкубатор менаџерот ќе биде Ваш ментор и ќе Ве поврзува со вистинските луѓе кои Ви се потребни за бизнисот. Тука се и другите претприемачи со кои ќе можете да разменувате идеи и искуство, имајќи, пред сè, моменти на забава при креирањето на сопствената иднина.

Од Вас зависи - ќе се осмелите ли да го направите тој чекор?

www.yesincubator.org.mk